# ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ – ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ДЕЦАТА




Прва детска амбасада во светот Меѓаши

– Република Македонија

Save the Children

Sweden Sverige

# Извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром – од перспектива на децата

Скопје, декември 2021 година

**Наслов**
Извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром – од перспектива на децата

**Издавач**
Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија
Ул. „Коста Новаковиќ“ 22а
1000 Скопје
*http://www.childrensembassy.org.mk/*
02 2465 316 СОС-телефон за деца и млади 070 390 632

**За издавачот**
м-р Драги Змијанац, претседател и основач

**Автори**
Ана Јаневска, Андреј Карафилоски, Александра Станикевска, Дарија Ивановска, Даријан Блажевски, Јана Ивановска, Јована Димитрова, Миа Бошева, Марија Ефремова, Милена Тримческа, Мирјана Дамјанова, Софија Додевска

**Координаторки од училиштата**
Ивана Цветановска (ОУ „Љубен Лапе“), Иванка Илиевска (ОУ „Александар Македонски“), Маја Буклеска (ОУ „Димитар Македонски“), Снежана Миленкова, (ОУ „Гоце Делчев“), Христина Марковска (СУГС „Димитар Влахов“)

**Менторки од Меѓаши**
Јорданка Черепналкова-Трајкоска, Васка Бојаџи

**Лектура**
Марина Геческа-Василевска

**Илустрација на насловна страница**
Срна Маркоска

**Илустрации на внатрешни страници**
Александра Јорданоска, Ана Јованоска, Ана Тодоровска, Анастасија Георгиевска, Андреа Ќесикова, Дафина Соколовска, Ѓорѓија Цветаноски, Елена Младеновска, Ива Петреска, Јоана Цилимингас, Марио Стојковски, Неда Стојановиќ, Павел Грбевски, Петар Атанасоски, Срна Донакова, Стефан Николов, Стефани Георгиевска, Стефани Накова

*Овој извештај е финансиски поддржан од Владата на Шведска. Одговорноста за содржината целосно ја сносат авторите. Владата на Шведска не мора да ги споделува изразените ставови и толкувања.*

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР .......... 5
ВОВЕД .......... 7
Тема 1: Запознаеност со правата на детето .......... 10
Тема 2: Училишна средина .......... 16
Тема 3: Слободно време .......... 24
Тема 4: Здравје и квалитетен живот .......... 32
Тема 5: Родителска грижа .......... 37
Тема 6: Животна средина .......... 40
Тема 7: Безбедност и сигурност .......... 45
Тема 8: Дискриминација .......... 53
Тема 9: Децата во улога на градоначалници .......... 59

## ПРЕДГОВОР

Детското учество не е само еден од главните принципи на Конвенцијата за правата на детето и право само по себе, тоа е и показател на степенот на свест на возрасните и властите за почитување на детското мислење и показател на степенот на демократските односи во едно општество. Оттаму, секоја иницијатива со која се поттикнува детското учество значи јасно покажување почит кон личноста на детето и силна поддршка на демократијата.

Општина Аеродром, поддржувајќи ја Првата детска амбасада во светот Меѓаши за проектот „Општина Аеродром – пионер во практикување детско учество“, всушност ги поддржува децата што живеат на територијата на Општината да го изразат своето мислење и да ги дадат своите видувања за тоа колку може да ги практикуваат своите права и што според нив би можело да биде уште подобро. Во рамки на проектот група ученици од петто до деветто одделение од четири основни училишта од Општина Аеродром (ОУ „Александар Македонски“, ОУ „Димитар Македонски“, ОУ „Гоце Делчев“ и ОУ „Љубен Лапе“), како и едно средно училиште (СУГС „Димитар Влахов“), во периодот јуни – октомври учествуваа во низа активности чијшто краен резултат е овој извештај, целосно подготвен од нив.

Процесот на подготовка на извештајот беше организиран во две фази: фаза на истражување и фаза на пишување на извештајот. Во текот на фазата на истражување (јуни − август 2021 година) беше дизајниран и спроведен прашалник за состојбата со правата на децата со што беа обезбедени сеопфатни податоци за повеќе аспекти од животот на децата во општината, проблемите со кои децата се соочуваат и работите кои тие сметаат дека треба да се подобрат. Прашалникот беше дисеминиран онлајн, а го пополнија вкупно 153 деца на возраст од 9 до 17 години.

Во втората фаза од процесот (септември − октомври 2021 година), беа одржувани континуирани онлајн средби со дел менторирање на децата во анализата на податоците, пишувањето на различните теми од извештајот и креирањето на препораките.

Нивната остроумна проникливост на внимателно око и увото што слуша има многу да им каже и препорача. Веруваме дека советниците од Општинскиот совет ќе ги прифатат со отворен ум нивните забелешки и сериозно ќе размислат за нивните препораки.

Изразуваме голема благодарност на училиштата кои учествуваа во подготовката на извештајот и назначените координаторки од секое од училиштата за поддршка на учениците во изведувањето на активностите.

Исто така, благодарни сме за довербата и соработката и ја почитуваме отвореноста на Општина Аеродром да прифати ваква иницијатива и да направи важен исчекор што веруваме ќе им даде поттик на останатите локални власти да ги консултираат и најмалите по возраст свои граѓани, особено за прашањата што директно влијаат и ги засегаат децата. Секој граѓанин има своја перспектива и сечија перспектива треба да се слушне!

Јорданка Черепналкова-Трајкоска и Васка Бојаџи

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

20 декември 2021 година

# ВОВЕД

Прашалникот за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром беше спроведен онлајн во периодот јуни-јули 2021 година. Во прашалникот беа опфатени следниве теми:

- Запознаеност со правата на детето
- Училишна средина
- Слободно време
- Здравје и квалитетен живот
- Родителска грижа
- Животна средина
- Безбедност и сигурност
- Дискриминација
- Децата во улога на градоначалници

Прашалникот го пополнија 153 деца, од кои 58,04 % се девојчиња, а 39,86 % се момчиња (2,10 % од децата не дадоа валидни податоци за нивниот пол). Возрасната група на децата кои учествуваа во истражувањето беше од 9 до 17-годишна возраст.

Најголем дел од учесниците (83,22 %) живеат и учат во Општина Аеродром, додека помал дел (16,78 %) живеат во друга општина, но учат во некое од училиштата во Општина Аеродром.

Поголем дел се ученици во основно училиште (18,88 %), а помал дел се средношколци (81,12 %).



Во однос на местото на живеење, имавме учесници кои живеат/учат во различни делови од општината, како Јане Сандански, Горно Лисиче, Долно Лисиче, Реонски центар, Мичурин и други.




Извештајот што следи се заснова на податоците од прашалникот, но и од дополнителни согледувања на децата кои учествуваа во неговата подготовка.

# Тема 1: Запознаеност со правата на детето



Ѓорѓија Цветаноски

## Тема 1: Запознаеност со правата на детето
**Автор: Андреј Карафилоски**

***Колку децата се запознаени со нивните права?***

Сите деца во светот имаат права. Некои од тие права се правото на здрав оброк, правото на топол дом и правото на игра. Многу деца во светот не си ги знаат своите права и тие деца треба да се информираат за своите права.

Од групата деца од Општина Аеродром кои учествуваа во истражувањето, повеќето сметаат дека се запознаени со своите права, а мал дел дека се делумно запознаени. Најмногу од децата добиваат информации за правата на детето од училиште, од дома и од интернет, а најмал дел од радио.






Помеѓу другото, ги прашавме децата да набројат некои права и најчесто спомнувани беа правото на образование, правото на игра, правото на здравствена заштита, правото на топол дом, правото на родителска грижа и љубов и правото на живот.

***Право на образование***
*„Секое дете има право да учи, редовно да оди на училиште и да ги пишува домашните задачи."*

***Право на игра***
*„Сите деца имаат право на игра."*
*„Детето има право да игра, да се дружи..."*

***Право на здравствена заштита***
*„Право на здравствена заштита."*
*„Право на лекарска заштита."*

***Право на мислење***
*„Секое дете има право на мислење."*
*„Детето има право да го искаже своето мислење."*
*„Децата имаат право на збор."*

***Право на топол дом***
*„Право на дом."*
*„Секое дете има право на топол дом."*

***Право на родителска грижа и љубов***
*„Право на родителска грижа и љубов."*
*„Сите деца имаат право на семејна љубов."*

***Право на живот***
*„Секое дете има прво на живот."*
*„Право на живот."*

На прашањето “Дали си запознаен/а со Конвенцијата за правата на детето?”, мнозинството имаат одговорено дека слушнале за Конвенцијата (67 %), а мал дел ја имаат и прочитано Конвенцијата (17 %). Сепак, 16 % од децата немаат ни слушнато за Конвенцијата.




***Колку се почитуваат детските права?***

Голем дел од децата сметаат дека детските права се почитуваат во нивниот дом, помал дел сметаат дека детските права се почитуваат во училиштето и најмал дел деца сметаат дека детските права се почитуваат во нивната околина.

| **Дали сметаш дека луѓето околу тебе ги почитуваат детските права?** | | | |
|---|---|---|---|
| | Да, целосно ги почитуваат сите права секогаш. | Делумно ги почитуваат (некои права ги почитуваат, некои не). | Воопшто не ги почитуваат. |
| **Во домот** | 69,92 % | 29,32 % | 0,75 % |
| **Во училиштето** | 67,69 % | 31,54 % | 0,77 % |
| **Во твоето место на живеење** | 50,39 % | 48,06 % | 1,55 % |

Децата, исто така, ни раскажаа за повеќе случаи кога правата на детето биле прекршени во Општина Аеродром. Ова се некои од одговорите што беа дадени:

*„Во населбата Лисиче, пример нема место за рекреација за млади. Пример: лулашки, терени за спорт и рекреација, и тие што ги има се дотраени или доаѓаат постари особи па ќе не избркаат.“*

*„Највише ме лути кога градат само згради на местото на игралиштата или парковите тогаш се загрозени нашите детски права.“*

*„Семејно насилство.“*

*„Јас бев нападнат физички од повозрасно лице, при што се здобив со телесни повреди, но секако и психички.“*

*„Кога некој ја загадува околината, правото на чиста околина за живеење е прекршено“.*



*„На пример често се случува да има дискримимација за време на некоја игра, а секој има право да го искаже своето мислење и право на игра и слобода, исто така можат да се забележат гладни деца кои имаат право на храна.“*

*„Детето е од друга националност и некои деца не сакаат да се дружаат, разликуваат раса, бојата а не е во ред тоа, бидејќи сите сме исти.“*

*„Воздухот е загаден (најчесто во зима), детските паркови се само за многу мали дечиња и се оштетени, а недостигаат активности и забавни игри за деца од училишна возраст.“*

*„Има случаи, еден од нив е тоа што е прекршено правото на децата на физичко образование и тоа што во некои училишта нема сала и децата немаат каде да тренираат и вежбаат.“*

*„Да, на пример, родителот е дома, знае дека детето треба да биде на настава, но не се секира околу тоа и го остава детето да спие, како и дека му се потребни материјали за во училиште, но не му ги обезбедува.“*



**Препораки**

Да се покрене свесноста за детските права не само кај децата, туку и кај возрасните. Не секој знае што е правилно и кои се точно правата, и не секој би се обидел да пронајде повеќе и да се едуцира. Сметаме дека треба да има повеќе реклами, едукативни видеа, постери за да можат луѓето навистина да видат и да се едуцираат. Да се прават повеќе работилници за да се зголеми едукацијата на децата не само за денот на детето.

# Тема 2: Училишна средина



Павел Грбевски

## Тема 2: Училишна средина

**Автори: Миа Бошева, Милена Тримческа, Јована Димитрова**

Училиштето е втор дом на сите ученици. Во училиштето секое дете се збогатува со знаење, стекнува позитивни работни навики и се социјализира. Како и многу други работи, децата го градат својот карактер, а и голем дел од нивното однесување доаѓа од училиштето. Тоа е средина каде на децата треба да им е обезбедена љубов, грижа, нега, мир, чистота, квалитетно образование и простор каде децата ќе можат да учат без никакви препреки.

На учениците кои учествуваа во истражувањето им беа зададени неколку реченици поврзани со училиштето. За секоја реченица е означено колку ученици се согласуваат целосно, делумно или воопшто не се согласуваат. Подолу можеме да ги забележиме одговорите:

| | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** | **М** |
|---|---|---|---|---|
| Моето училиште ми нуди квалитетно образование | 80,80 % | 16,00 % | 3,20 % | 1,22 |
| Моето училиште ги поддржува и поттикнува талентите на учениците | 72,58 % | 23,39 % | 4,03 % | 1,31 |
| Оценувањето на постигнувањата на учениците е транспарентно | 70,49 % | 26,23 % | 3,28 % | 1,33 |
| Наставниците/професорите ме мотивираат да учам | 76,23 % | 18,85 % | 4,92 % | 1,29 |
| Наставниците/професорите го почитуваат моето мислење | 73,98 % | 21,14 % | 4,88 % | 1,31 |
| Моите соученици го почитуваат моето мислење | 55,65 % | 39,52 % | 4,84 % | 1,49 |
| Јас сум вклучен/а кога се носат одлуки во моето училиште | 37,10 % | 50,00 % | 12,90 % | 1,76 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Се чувствувам дека припаѓам во моето училиште | 86,29 % | 10,48 % | 3,23 % | 1,17 |
| Се чувствувам безбедно во моето училиште | 79,03 % | 15,32 % | 5,65 % | 1,27 |
| Во моето училиште имаме вода што може да се пие | 75,00 % | 15,32 % | 9,68 % | 1,35 |
| Во моето училиште се посветува соодветно внимание на хигиената | 53,23 % | 32,26 % | 14,52 % | 1,61 |
| Тоалетите во моето училиште се чисти, има средства за одржување хигиена, како на пр. сапун, тоалетна хартија | 27,42 % | 37,10 % | 35,48 % | 2,08 |
| Во моето училиште има добро опремен простор за спортски активности | 65,32 % | 26,61 % | 8,06 % | 1,43 |

Како најважни согледувања од овие одговори се дека:

1. Најмал процент од анкетираните ученици сметаат дека на хигиената во училиштето, особено тоалетите, не се посветува доволно внимание (само 27 % од децата целосно се согласуваат дека тоалетите се чисти) и

2. Само нешто повеќе од една третина од учениците што учествувале во истражувањето (37 %) се согласуваат дека се вклучени во процесите на носење одлуки во училиштето.

***Децата го сакаат своето училиште затоа што...***

На прашањето „Зошто го сакаат своето училиште?“, голем дел од анкетираните ученици одговориле им се допаѓа тоа што во училиштето се чувствуваат безбедно и среќно, како и добрите услови за учење и посветените наставници. Поврзано со тоа што ги прави среќни во училиштето, учениците најмногу сакаат да се дружат со другарчињата и нивните врсници. Близината на

училиштето до нивниот дом и убаво уредените училишни дворови има, исто така, голема улога. Учениците ги сакаат своите училишта и затоа што таму се почитуваат детските права, има грижа за учениците, се донесуваат праведни одлуки и се чувствува рамноправност помеѓу вработените во училиштето и помеѓу учениците.



*„Бидејќи имам добри услови за учење, квалитетна наставна програма.“*

*„Заради тоа што ми е забавно кога учам и си играм со другарчињата.“*

*„Го сакам моето училиште заради предобрите наставнички од кои може многу да се научи!“*

*„Професорите се секогаш мотивирачко настроени и фини,начинот на предавање, објаснување, добра организација, хигиенски е сегогаш чисто.“*

*„Бидејќи се чувствувам безбедно, сите околу мене ме почитуваат...“*

*„Заради тоа што има голем простор и надвор и во дворот за некои активности.“*

*„Тоа што во него можам да учам и дека има голем и убав двор.“*

*„Ми е убаво во него и сум среќен.“*

*„Наставниците се грижат за учениците, училиштето е секогаш чисто, имаме интересни часови.“*

*„Заради пријатната атмосфера, пријателскиот однос на наставниците со нас, бидејќи учиме нови работи и заради дружбата со другарчињата.“*

*„Заради тоа што е во близина на мојот дом, затоа што е украсено со нашите ракотворби и уметнички дела.“*

***Што би сакале децата да променат во нивните училишта?***

Доколку би биле директори на нивните училишта, децата укажаа дека, помеѓу другото, би го подобриле квалитетот на образованието, би го реновирале училиштето, би одржувале поголема хигиена во тоалетите и училниците, би организирале повеќе активности и манифестации, би го продолжиле училишниот одмор, би се погрижиле за пореално оценување, би им помагале на учениците и отворено би разговарале со нив доколку имаат некои потешкотии и проблеми.




*„Би се грижел за квалитетно образование на учениците.“*

*„Би поставила следење на настава по интересите на учениците (повеќе експерименти, помалку теорија).“*

*„Би вовел многу вонпредметни часови по спорт, другарување, почит кон другарството, возрасните, надворешната околина.“*

*„Да се реновира школото.“*

*„Би направила спортска сала и подобро би ги уредила тоалетите.“*

*„Јас би поставила повеќе маси и столчиња и нови клупи и канти за отпадоци во училишниот двор“.*

*„Посветила поголемо внимание на хигиената и мотивирањето на учениците.“*

*„Често би имало некои интересни случувања, музички натпревари и театарски натпревари.“*

*„Би им дозволил на децата повеќе време за игра и за одмор.“*

*„Би барал пореално оценување, да нема разлика во децата.“*

*„Би се интересирал повеќе за потребите и желбите на учениците.“*

***Дали децата со попреченост ги имаат сите потребни услови за да можат да учествуваат во наставата?***

Во нашата општина има ученици со попреченост кои следат редовна настава во училиштата. Сите тие се многу добро прифатени и од страна на учениците и од страна на наставниците. Во последен период се става голем акцент на инклузивноста во училиштата.




Од графикот се гледа дека 62,60 % од анкетираните ученици не знаат дали учениците со попреченост ги имаат сите потребни услови за учество во наставата, 20,33 % сметаат дека во нивните училишта ги има потребните услови, додека 17,07 % навеле дека во нивното училиште ги нема сите потребни услови.

На отвореното прашање „*Што недостасува во училиштата за децата со попреченост да можат да учествуваат во наставата?*“, анкетирани ученици имаат наведено дека недостигаат лифтови, рампи, специјализирани тоалети, но исто така и соодветен кадар (дефектолози, логопеди, образовни асистенти) и поддршка во образовниот процес.

**Сметаме дека општината треба да обезбеди секое дете кое се соочува со каква било попреченост да има личен образовен асистент и да се обезбеди стручен наставен кадар за работа со овие ученици.**

**Да има поголема соработка со родителите и стручните соработници во училиштето, следење на разни обуки и семинари со цел за примена на нови методи и техники за поголема заинтересираност и мотивираност на учениците со попреченост во наставата.**

***Дали децата ги имаат сите потребни услови за учење на далечина****?*

Најголем дел од анкетираните ученици (89,60 %) сметаат дека ги имаат сите потребни услови за учење на далечина.

На помал дел од учениците (10,40 %) најчесто им недостигаат соодветни електронски уреди, простор во домот каде без пречки би можеле да ја следат наставата или пак помош од нивните родители, кои имаат работни обврски.




***,,Тоа што ми недостига е...“***



*„Имаме еден компјутер и еден лаптоп, а три сестри сме.. Сите ученички.. Секогаш едната од нас мора да биде уклучена од телефон каде што не може добро да ја следи наставата зашто платформата зафаќа меморија во телефонот и истиот кочи. Поради тоа, следењето на наставата не е целосно.“*

*„Уред за следење на наставата бидејќи јас наставата ја следам од телефон бидејќи во истото време на компјутерот следи настава мојата сестра, исто така, јас немам секогаш помош од моите родители бидејќи тие одат на смени на работа.“*

*„Посебна соба, учам во дневната соба бидејќи мојата сестра одржува онлајн часови во детската.“*

**Препораки**

- Поголема достапност до електронски уреди.
- Обука на наставнците како да користат електронски уреди.
- Подобрување на условите за децата со попреченост.
-Секој ученик со попреченост да има личен образовен асистент и да се обезбеди стручен наставен кадар.
-Да се подобри хигиената на тоалетите, да има тоалетна хартија, сапун и средство за дезинфекција.
-Во постарите училишта, стариот инвентар да се замени со нов инвентар.
-Директорите и службата да имаат поголем слух кон децата и тие да бидат редовно консултирани.
-Отворени разговори со учениците за нивните потешкотии и проблеми.
-Подобрување на квалитетот на храната.
-Да се реновираат старите тоалети и трпезарии.
-Достапност од добар психолог во училиштата.

# Тема 3: Слободно време



Анастасија Георгиевска

## Тема 3: Слободно време
**Автори: Мирјана Дамјанова, Милена Тримческа, Даријан Блажевски, Дарија Ивановска**

***Правото на децата на слободно време***

Член 31 од Конвенцијата за правата на детето усвоена на Генералното собрание на Обединетите нации со резолуција 44/25, од 20 ноември 1989 година:

*1. Државите членки го признаваат правото на детето на одмор и слободно време, на игра и рекреација која одговара на возраста на детето и слободно учество во културниот живот и уметноста.*

*2. Државите членки го почитуваат и унапредуваат правото на детето на целосно учество во културниот и уметничкиот живот и го поттикнуваат давањето соодветни и еднакви можности за културни, уметнички, рекреативни и слободни активности*.

Начинот на кој децата го поминуваат слободното време влијае на нивниот психофизички развој, самодовербата, развојот на креативноста и социјалните вештини.

Слободното време би можело да се дефинира како време кое децата си го посветуваат себеси, за да ги задоволат сопствените потреби за игра, забава, рекреација, одмор. Тоа не е само време во кое децата не ги извршуваат своите секојдневни обврски, туку време на задоволување на оние потреби кои не можат да се задоволат додека тие се ангажирани со редовните обврски околу училиштето или други активности, во кои се подложни на различни дисциплински прописи.

Слободното време поминато во семејството е важно за комуникација и градење квалитетни семејните односи. Заедничките активности го зголемуваат чувството на поврзаност и меѓусебно припаѓање на членовите на семејството, а тоа е заштитен потенцијал во превенцијата од ризични однесувања. Како детето расте, така се менуваат и неговите интереси, па така и начинот на минење на слободното време.

***Организирање на слободното време***

Улогата на родителите е да го насочат детето во тие активности. Некои родители одат во крајност контролирајќи го секој слободен миг на детето, водејќи го на разни активности и насочувајќи го во склад со нивните амбиции. Престиж на некои родители е децата да посетува повеќе активности, па ги насочуваат на што повеќе знаење. Притоа се поттикнува академскиот успех и когнитивниот развој, а се занемарува емоционалниот аспект.

Активностите кои се одбираат во слободното време важно е да влијаат на телесниот, интелектуалниот, емоционалниот развој на детето, да поттикнуваат развој на пријателства и квалитетни модели на групна забава.

Децата кои растат во средина во која не им е овозможено да ги остварат своите потреби за емоционална сигурност, релативна самостојност и слобода, честопати посегнуваат по разни облици на асоцијално, па и деликвентско однесување.

Важно е родителите да им помогнат на своите деца да пронајдат активност која ќе го привлече нивното внимание, која ќе го поттикнува развојот на креативноста, одговорноста кај децата и ќе овозможува развој на социјалните вештини.

***Како децата во Општина Аеродром го поминуваат своето слободно време?***

Повеќето од половина анкетирани ученици (61,54 %) на прашањето *„Дали имаш доволно слободно време за да ги правиш активностите во кои уживаш?“*, одговориле потврдно, додека 35,04 % се изјасниле дека слободно време имаат „понекогаш“. Недостаток од слободно време оцениле дека имаат 3,42 % од анкетираните ученици.



Во спроведената анкета учениците имаа можност да се изјаснат кои се причините поради кои чувствуваат дека имаат ограничување во слободното време. Најголемиот процент, 57,27 % оценија дека слободното време им е ограничено поради преголем ангажман околу домашните обврски или училиштето, а 43,64 % од анкетираните како причина за ограниченото слободно време наведоа воннаставни активности. За 10,91 % причината се премногу обврски во семејството, а 8,18 % не одговориле конкретно на прашањето.




Како најчести активности во слободното време анкетираните ученици ги издвоиле дружбата со другарите и пребарувањето по интернет. Следуваат прошетките, слушањето музика, спортски активности и др. Од приложените резултати може да се забележи дека најслаб интерес кај учениците има за читање книги и посета на културно-уметнички настани.




Од останатите активности што не беа меѓу понудените опции во прашалникот, беа наведени: возење велосипед, свирење на некој музички инструмент, прошетка со домашното милениче, играње со брат или сестра, помагање на родителите...

***Места и активности за дружење, забава, култура, спорт и рекреација***

Како најомилени места на децата на подрачјето на Општина Аеродром, според одговорите во прашалникот се парковите, трговските центри и спортските игралишта. Следуваат кејот на реката Вардар и училишните дворови.

| **Омилени места** | **Пример одговори** |
|---|---|
| Паркови | *„Во парковите низ Аеродром.“*<br>*„Паркот кој е добро место за игра и за одмор, и е полн со дрвја.“*<br>*„Паркот кај авиончето.“*<br>*„Моето омилено место во Општина Аеродром е паркот покрај висококатниците.“*<br>*„Паркчето на последна 5-ка.“*<br>*„Парк Бановина.“* |
| Трговски центри | *„Трговски центри.“*<br>*„Бисер.“*<br>*„Капитол.“*<br>*„Трговскиот центар во населба Лисиче.“* |
| Спортски игралишта | *„Училишното игралиште.“*<br>*„На кошаркарското игралиште во Бисер.“*<br>*„Теренот за кошарка кое што се наоѓа веднаш до паркот со лулашки за мали деца.“*<br>*„Спортски центар Ново Лисиче.“*<br>*„На игралиштето кај мене пред зграда.“* |
| Кејот на реката Вардар | *„Моето омилено место во Општина Аеродром ми е кејот на Вардар каде што возам често велосипед.“*<br>*„Кејот, возам ролерки и шетам со моите родители.“* |
| Училишни дворови | *„Секако во моето училиште и во училишниот двор.“*<br>*„Во школскиот двор од моето училиште.“* |

Помеѓу учениците преовладува мислењето дека на подрачјето на Општина Аеродром има доволно места за играње, дружба и спортски активности, а како забелешка **дел од учесниците во прашалникот сугерираат дека треба да се подобри хигиената на детските игралишта и да се одржува исправноста на локалната инфраструктура (клупи, чешмички за вода, лулашки...).**




Сепак, иако општото мислење е дека на територијата на Општина Аеродром има доволно места за спортување, дел од учесниците оценуваат дека **недостасуваат затворен базен, трим патека и повеќе терени за тенис**, **а жители од Реонски центар реагираа дека им треба уредена велосипедска патека.** Според мислењето на анкетираните, најголема пречка за младите од Општина Аеродром да учествуваат во спортски активности се недостаток на доволно слободно време и немање соодветни услови за тоа. Следуваат финансискиот фактор и зависноста од компјутерска технологија.



На прашањето: Дали во општина Аеродром има доволно културни и забавни активности/места за деца?, поголемиот процент од испитаниците одговориле потврдно, а како културни места коишто **би било добро да ги има наведени се следните: отворени кина, лунапарк, културни настани, музеи, шеталиште...**




***Заклучок***

Од прашалникот би можело да се заклучи дека на подрачјето на Општина Аеродром децата и младите главно имаат слободно време и имаат каде да го поминуваат. Социјалниот и маалски живот се највисоко при изборот како да се помине слободното време, но висок процент се забележува и кај млади коишто слободното време го поминуваат пред компјутери и други уреди за интернет комуникација. Би било интересно да се истражи колкав процент од нив би го замениле времето поминато пред електронските уреди ако локалните власти успеат да одговорат на дел од барањата наведени како места коишто недостасуваат во Општината. Другата цел, на којашто според одговорите треба да се посвети дополнителна анализа и внимание е слабиот или многу мал интерес кај децата и младите за културно-уметнички настани и читање книги. Дали можеби Општината има скромна понуда на културни настани и манифестации, дали децата воопшто знаат што се подразбира под тој поим, кој вид од тие манифестации би биле привлечни за нив?... Се само дел од прашањата на кои би требало да се даде одговор со цел да се направат потребните промени. Разбирањето и интересот за музиката, уметноста или традициите се од посебно значење за развојот на децата и формирањето на нивната личност.




# Тема 4: Здравје и квалитетен живот

Александра Јорданоска

**Тема 4: Здравје и квалитетен живот**
**Автори: Мирјана Дамјанова, Марија Ефремова**

Во здраво тело - здрав дух! На секое дете му е потребен здрав и квалитетен живот, грижа, нега, љубов и внимание. Развојот на децата е исклучително важен и тие мора да растат здраво, да бидат безбедни, среќни, здрави и да имаат правилен раст и развој. Да имаат чиста вода, здрава храна, чист воздух, облека и дом.

***Дали децата водат здрав живот?***

Најголем дел од анкетираните ученици сметаат дека редовно јадат здрава храна, спијат доволно и се физички активни. Запрашани, што сметаат дека може да направат за да живеeат поздрав живот, најголем дел тврдат дека е потребно почесто спортување и физичка активност, но исто така застапени се и поздрава исхрана, подобар/подолг сон, пристап до чист воздух како и намалување на употребата на технологијата.



***Што сметаш дека можеш да направиш за да живееш поздрав живот?***




*„Повеќе спортување и прошетки во природа.“*

*„Да јадам поздрава храна и да внесувам повеќе течности во моето тело.“*

*„Повеќе да спијам бидејќи така ќе имам повеќе енергија.“*

*„Сакам почист воздух, воздухот во мојата општина е многу загаден.“*

*„Повеќе време да поминувам надвор наместо на социјалните мрежи и интернетот.“*

***Со кого разговараат децата за своите чувства?***

Ние децата секојдневно се развиваме, запознаваме нови работи, стекнуваме нови познанства, се соочуваме со нови и различни ситуации и покрај сето ова ние развиваме и одредени чувства и за нас е исклучително важно со кого нив ќе ги споделиме. Дали тоа можеби ќе бидат наши другари, родители, роднини, пријатели или можеби наставниците, зависи од тоа што сакаме да споделиме, но пред сè, треба да имаме доверба во нив знаејќи дека нема да го злоупотребат тоа што ќе им го кажеме. Истражувањето покажа дека поголем дел од децата секојдневно се чувствуваат сакани, расположени, сигурни во себе и корисни, но исто така дека од време на време се чувствуваат вознемирени, нерасположени или тажни.




Според направената анализа на податоци на прашањето *„Дали се чувствуваш слободно да разговараш за своите чувства (особено кога се чувствуваш тажно и вознемирено)?“*, 65,79 % од децата одговориле „да, разговараат со некого“, 20,18 % одговориле дека не сакаат со никого да споделат како тие се чувствуваат, 9,65 % одговориле дека не разговараат со никого, но ги запишуваат своите чувства во дневник, расказ или песна и 4,39 % од децата одговориле дека немаат со кого да разговараат. Најголем дел од децата одговориле дека вообичаено разговараат со нивните родители.

***Дали во Општина Аеродром има деца на кои им фали топол дом, грижа и нега, вода и здрав живот?***

За жал, во денешно време сѐ почесто може да забележиме дете на кое му недостасува нега и грижа, нема доволно облека, нема добри услови за живот, нема чиста вода, храна, средства за хигиена... Дел од децата наведоа дека се запознаени со такви случаи.



*„Јас познавам многу деца кои немаат топол дом, хигиена, чиста облека и немаат доволно храна, но ние кога сме во можност да им помогнеме, им носиме храна, чиста облека и некои други работи кои им требаат. Истото го правиме и во нашето училиште, сите собираме и донираме на оние на кои им треба помош.“*

*„Често на улица можеме да забележиме деца кои немаат топла облека и немаат доволно храна.“*

***Препораки:***

-Повеќе хуманитарни акции

-Донации

-Вдомување и згрижување на децата доколку немаат дом

# Тема 5: Родителска грижа



Александра Јорданоска

**Тема 5: Родителска грижа**
**Авторка: Софија Додевска**

На прашањето „Дали мислите дека родителите ја насочуваат сета љубов кон вас?“, 96 % од децата кои учествуваа во истражувањето одговорија со „да“, а 4 % од децата дека не се сигурни. Додека, на прашањето „Дали некогаш нивните родители се однесувале лошо со нив?“, 77 % одговорија со „не“, 4 % не се сигурни, а 1 % одговорија со „да“ и тие ги опишаа следниве ситуации:



*„На пример, кога ќе направам некоја грешка, беља, ќе ме казнат да не излегувам надвор неколку недели за да не ја направам истата грешка или беља.“*

*„Кога сум немирен, ме караат родителите.“*

*„Кога сум премолчила лоша оценка.“*

*„Јас мислам дека се случува да се однесуваат родителите лошо со мене, но тоа е најчесто од непотребна нервоза и е ненамерно.“*

*„Моите родители постојано се караат до мерки каде што има физичко и вербално насилство.“*

На децата им дадовме пример дека добиле 1 на тест и ги прашавме што би направиле нивните родители, тие го одговорија следното:




Повеќе од 95 % од децата мислат дека нивното мислење се почитува во семејството. Ова се некои од примерите кои ги добивме кога ги прашавме дали на некого му недостига родителска грижа во Општина Аеродром:



*„Да, на блиско мое другарче. Родителите го оставија да живее со бабата своја."*

*„Да знам. Сум видела едни деца кои седеа на улица и немаа родителска грижа."*

*„И сум слушнала и сум видела... За жал, многу деца ми имаат кажано мама да ги посвои зошто била предобра."*

*„Има многу родители што не знаат каде им се децата во даден момент, не се тука за да им помогнат во учењето, да им обезбедат оброк, да им обезбедат услови за учење или материјали за да учат."*

# Тема 6: Животна средина



Неда Стојановиќ

## Тема 6: Животна средина
**Авторка: Миа Бошева**

Животната средина, односно средината во која живее е многу важна за секое дете. За да биде сѐ во ред со нашето здравје и за да растеме во чиста средина, сите аспекти на околината, односно водата, воздухот и целата природа треба да се во најдобар ред. Меѓутоа, нашата животна средина секојдневно се уништува сѐ повеќе. Со тоа што не даваме сѐ од себе за да ја заштитиме и ние сме дел од нејзиното загадување. Сепак, поради целото тоа уништување, самиот човекот страда од последиците, а нам децата сето тоа ни делува негативно на нашето растење во таа средина. Секој од нас треба да има пристап до чисти зелени јавни површини. Најголем дел (59,29 %) од децата од Општина Аеродром кои учествуваа во истражувањето сметаат дека имаат пристап до чисти зелени јавни површини, но исто така значаен дел (37,17 %) сметаат дека зелените површини до кои тие имаат пристап не се чисти.



Исто така, децата наведоа дека незадоволителната хигиена и загадениот воздух се најзначајните еколошки проблеми во Општина Аеродром.

***Дел од одговорите на прашањето „Дали и какви еколошки проблеми има во Општина Аеродром?“***



***Незадоволителна хигиена/отпадоци на јавни површини***

*„Диви депонии.“*

*„Понекогаш има ѓубре, контејнерите за ѓубре се секогаш преполни.“*

*„Луѓето фрлаат ѓубре секаде, не садат нови дрва и цвеќиња.“*

*„Премногу отпад на земја по парковите и улиците.“*

*„Нема корпи за рециклирање на отпад."*

*„Во паркот на Вардарска улица има депонија која никогаш не е празна, а и кога ќе се испразни, се полни за два дена (казни мора за несовесни граѓани).“*

*„Некои канти се дупнати од доле, полни се со ѓубре и го има и наоколу.“*

***Загаден воздух, особено во зимските месеци***

*„Воздухот, особено во зимскиот период е многу загаден.“*

*„Има загаден воздух, можеби не ни пречи многу, но сепак загрижувачки е фактот што дишеме штетни материи од воздухот.“*

Охрабрувачко е тоа што 68 % од децата имаат учествувано во некоја еколошка активност во Општина Аеродром, најчесто во активности организирани од страна на нивните училишта, како чистење на училишните дворови, собирање отпаден материјал наменет за рециклирање и садење дрва и цвеќиња.






*„Чистење на училишниот двор.“*

*„Во училиштето посадивме дрвца.“*

*„Собиравме пластични шишиња и капачиња.“*

*„Садевме дрва, цвеќиња заедно со моите соученици и мојата наставничка која многу се труди околу тоа сите да бидеме вклучени во тие активности.“*

*„Во уредување на школскиот двор. И во акција за расчистување на населбата.“*

*„Да кога собиравме шишиња за рециклирање.“*

*„Училишна активност, садење дрва во околината.“*

*„Повремено оставаме пластика за рециклирање.“*

*„Садење дрвца, собирање пластични шишиња, рециклирање и слично.“*

**Препораки**

-Еколошките активности да се поедукативни и поинтересни за повеќе деца да се заинтересираат за нив.
- Општината да ги собере и да ги рециклира оставените отпадоци на улиците.
- Од страна на Општина Аеродром да се организираат континуирани еколошки активности, во и надвор од училиштата.
- Еколошките активности да не бидат само за Денот на планетата Земја, Денот на дрвото и Денот на пролетта.
- Зелените јавни површини освен што ги има, треба редовно да се одржуваат чисти.
- Бидејќи има многу отпадоци насекаде, да се најде начин да се намалат.
- Во зимата воздухот е многу загаден, да има рестрикции за секоја фабрика во однос колку може да се испуштаат штетните честички во воздухот.
- Да има одредени мерки за прекршување на правилата за одржување на чиста околина.
- Трудот на граѓаните и на учениците во одржувањето на животната средина да биде препознаен и награден.
- Учениците да бидат повеќе мотивирани од страна на Општината и на наставниците за учество во одредени еколошки активности.
- Секој училиштен двор да биде многу почист.
- Да се подигне свеста за чиста животна средина на најразлични начини.

# Тема 7: Безбедност и сигурност



Ана Јовановска

## Тема 7: Безбедност и сигурност

**Автори: Јана Ивановска, Марија Ефремова, Александра Станикевска и Ана Јаневска**

### Безбедност

Децата кои учествуваа во прашалникот истакнаа дека најсигурни и најбезбедни се чувствуваат во своите домови, додека пак помалку сигурни и безбедни се чувствуваат во својата општина, а најмалку во интернет просторот. Поголем дел од децата се чувствуваат безбедно во Општина Аеродром заради пријателскиот однос на населението, раздвиженоста и осветленоста на улиците, присуството на полиција.




Дел од одговорите на децата на прашањето „Што те прави да се чувствуваш безбедно во Општина Аеродром?“



*„Раздвиженоста на луѓето.“*

*„Грижата и добрината на луѓето во Општина Аеродром.“*

*„Тоа што тука секој со секого има пријателски однос и никого не би му наштетил туку би го заштитил.“*

*„Има многу луѓе кои ги познавам и ми би помогнале доколку нешто се случи, нема небезбедни игралишта и паркови.“*



*„Ако сум во близина на мојот дом.“*

*„Кога ќе видам полицаец да се шета по нашите улици.“*

*„Осветлени улици.“*

*„Сообраќајната сигнализација.“*

*„Бидејќи ја знам општината.“*

Од друга страна, присуството на кучињата скитници, како и преголемиот број на возила, беа помеѓу најчестите причини кои децата ги наведоа дека им причинуваат чувство на небезбедност.

Што те прави да се чувствуваш небезбедно во Општина Аеродром?



## Насилство

Најмногу од децата (65,38 %) сметаат дека насилството најчесто се случува на улица, значаен дел (24,04 %) го наведуваат интернетот како место каде најчесто се случува насилство, додека помал дел ги наведуваат училиштата (3,85 %), домовите (4,81 %) и други места (4,81 %). Повеќе од 8 % од децата биле жртва на насилство, над 22 % познаваат некој кој бил жртва на насилство, додека пак 10 % се нашле во ситуација да повредат некого. Децата споделија искуства со физичко, но и со вербално насилство.











*„Бев физички нападнат од возрасно машко лице на возраст од 40-45 години во училишниот двор. Ми беа нанесени сериозни физички повреди и сè уште чувствувам страв. По настанот јас и моите другари ја известивме мајка ми и отидовме во полициска станица и во болница. Насилникот на судењето е прогласен за виновен.”*

*„Навреди од другарчиња.“*

*„Во училиште. Физички бев нападната од мој соученик. Се обратив кај педагогот во училиштето и раскажав дома, па моите родители разговараа со родителот на детето.“*

*„Минатото лето беше убиен другар на брат ми.“*

*„Во секојдневието се случуваат помали насилства како што се навреди и озборувања помеѓу
децата. Но најчесто знаеме да го надминеме тоа.“*

Секој од нас се нашол во некоја непосакувана ситуација која придонесува за некои последици. Кој било може да се почувствува некогаш повреден од друг човек. Но, без разлика дали намерно или ненамерно, на многу од нас ни се има случено да повредиме некој околу нас. Ако свесно повредиме некого, после тоа сме должни да се извиниме и да се потрудиме да не ни се случи повторно тоа.

**Принудна работа**

Не секое дете живее убав и сјаен живот. Некои деца наидуваат на лоши работи во животот. Така, на пример, постојат деца кои се принудени на работа. Тие мораат да работат од разни причини. Понекогаш за да можат да работат, тие го запоставуваат училиштето и образованието. Некои деца се принудени на некои работи од нивните родители (ги тераат да работат недолични работи). Некои се принудени поради надворешни фактори кои влијаат на нив (немање доволно финансии во семејството). Постојат деца кои просат на улиците за да соберат пари и да ги задоволат нивните родители. Постојат деца кои работат во перални, кафичи, сендвичари… Според резултатите од прашалникот, 7 % од испитаниците се запознаени со деца од Општина Аеродром кои се принудени да работат.




**Злоупотреба на лични податоци**

Со унапредување на технологијата и со создавањето на нови социјални мрежи, луѓето повеќе комуницираат преку нив. Споделуваат различни приватни слики со своите пријатели, но не секогаш може да им се верува на другарите. Ова е докажано во многу случаи, на пример, некое девојче/момче ќе прати приватна слика на некој/а другар/ка, сликата ќе биде злоупотребена и споделена со светот. Ова многу често се случува поради љубомора или лутина. На прашањето „Дали твои податоци, твоја фотогарафија или видео некогаш биле споделени на интернет без твоја согласност?“, 8,85 % од децата имаа одговорено потврдно.

При споделување слики и видеа на социјалните мрежи, се добиваат многу негативни коментари. Овој вид коментари влијаат лошо на менталното здравје на корисникот што ги има поставено сликите или чиишто слики се поставени од други. Ова е еден од најчестите видови булинг што се јавува низ целиот свет. Треба да внимаваме што објавуваме, бидејќи штом ќе споделиме нешто, нема враќање назад. Поголемиот дел од децата не знаат како да се справат со негативните

коментари и поради тоа многу често добиваат, доживуваат депресија и анксиозност. Па, поради овој проблем, во прашалникот ги прашавме децата дали им се случило да добијат негативен коментар на некоја нивна објава на социјалните мрежи, на што 14,29 % одговорија дека ова им се има случено, додека пак 3,57 % дека познаваат врсник/врсничка на кој/а му се случило ова.






**Препораки**

- Да се воведат предавања за насилство во училиштата и да е задолжително присуството на тие предавања. Многу од предавањата се незадолжителни и се одржани само со одлични деца, а тие што треба да се на предавањето, нормално не се појавуваат. Во наставата за општо образование треба да се додадат лекции за булинг и насилство во училиштето и онлајн.

- Кучињата скитници кои најчесто можат да се сретнат по улиците, да бидат згрижени. Да се направат повеќе стационари за кучиња, при што би се спасиле кучињата и би се намалил ризикот луѓето да бидат нападнати.

- Психолозите во училиштата да им дадат слобода на децата да се жалат за насилство во семејството, во училиштата или онлај. Да има повеќе работилници во кои децата можата да се отворат. Бидејќи во случаи каде што детето доживува семејно насилство, потешко е да се опуштат и да разговараат.

# Тема 8: Дискриминација




Стефан Николов

## Тема 8: Дискриминација

**Автори: Јана Ивановска, Софија Додевска**

Дискриминација значи секое правење разлика, искористување или ограничување на луѓето врз основа на нивните колективни идентитети (пол/род, класа, етнос) со што ги загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на нивните човекови права и слободи.[1] Во рамки на човечкото социјално однесување, дискриминацијата е осудувачки третман или предрасуда кон едно битие, заснована врз група, класа или категорија на којашто се смета дека истото припаѓа. Дискриминацијата е заштитно обележје врз кое не треба да се темели недозволениот различен третман, а кое може да биде лична карактеристика или статус или, пак претпоставена или сродна лична карактеристика или статус преку која едно лице или група на лица се идентификува(ат) со одредена раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, државјанство, пол, род, сексуална ориентација, религија, уверување, образование, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, здравствена состојба итн. Ваквата перцепција доведува до исклучување на поединецот, засновано на нелогично или ирационално одлучување.

### Која е најчестата причина за дискриминација на децата?

Според анализата, 25 % од децата се почувствувале дискриминирано. Најчестите причини за оваа дискриминација се возраста (20 %), финансиската состојба на семејството (14,29 %), полот (14,29 %), етничката припадност (8,57 %).




**Одговори кои децата ги имаат наведено под „друго“:**



*„Јас пелтечам и некогаш децата ми се потсмеваа за тоа. Но, во последно време е поинаку, поретко го прават тоа...“*

*„misoginy :)“*

*„Заради моите заби.“*

*„Возраст, полот.“*

*„Ради дијабетот, ме гледаат со други очи и знаат да дискриминираат, но не ме повредуваат со тоа.“*

**Како би реагирал како сведок на дискриминација?**

Околу 3 % од децата споделија дека тие некого дискриминирале, додека 15 % дека биле сведоци на дискриминација и еве некои примери што ги наведоа од тоа како тие изреагирале:



*„Послаби деца кога се навредуваат, сум ги бранела.“*

*„Сум била сведок на дискримимација по основа на возраста, каде во училишниот двор поголеми деца одбиваа да играат кошарка со помали деца, ние кои ја забележавме случката кажавме на нашите наставници, а потоа сите разговаравме дека не треба да има дискриминација.“*

*„Соученик-момче кое има женски манири и морав да го одбранам.“*

*„Сум гледал.“*






Во прашалникот, помеѓу другото, ги запрашавме учениците каков е односот на децата од Општина Аеродром кон различни групи деца. Нивните одговори се прикажани во табелата подолу.




Поаѓајќи од нашите видувања дека ромските деца се едни од најдискриминираните, едно од прашањата во прашалникот се однесуваше на нивната прифатеност во Општината. Само 1/4 од испитаните ученици сметаат дека ромските деца се целосно прифатени од останатите.




Речиси половина од испитаните ученици (46,02 %) не беа информирани дали децата со попреченост во Општината ги имаат истите права и можности како и останатите деца. Повеќе од 35 % сметаат дека децата со попреченост ги имаат истите права и можности како и останатите деца, додека повеќе од 18 % не сметаат дека тоа е случај.




Повеќе од половина од децата (54,87 %) не се запознаени со програмите во Општина Аеродром кои ги едуцираат децата на еднаквост, рамноправност, соживот, почитување и други важни вредности, 31,86 % потврдија дека такви програми постојат, додека пак 13,27 % дека не постојат.

# Тема 9: Децата во улога на градоначалници




Стефан Николов

## Тема 9: Децата во улога на градоначалници
**Автори: Андреј Карафилоски, Миа Бошева**

Секое дете барем еднаш размислило што би направило во позиција на градоначалник. Како со магично стапче би ги средило сите проблеми во Општината. Во оваа тема ги запрашавме децата ова интересно прашање: „Што би направиле во позиција на градоначалник?"

Децата ни дадоа најразлични одговори, а тие што ги добивме ги поделивме во осум групи. Тие се:

1. Еднаков развој на сите делови од Општината.
2. Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот.
3. Подобрување на хигиената и грижата за животната средина.
4. Зголемување на зелените површини.
5. Унапредување на грижата за бездомните животни.
6. Подобрување на условите за спорт, рекреација, игра, културни и забавни активности.
7. Промовирање еднаквост и недискриминација.
8. Непосредна комуникација со децата и возрасните од Општината.

### *Еднаков развој на сите делови од Општината*

Децата рекоа дека би ги поправале сите проблеми низ целата општина и дека не би се грижеле само за урбаниот дел. Тие би граделе во сите населби еднакво и би ја средиле населба Лисиче.

*„Би ја средил населбата Лисиче."*

*„Би ги решил сите проблеми што можат да се решат во цела Општина, а не само во урбанизираните делови."*

*„Во сите населби исто би правел и градел."*

**Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот**

Децата рекоа дека би ставиле повеќе сообраќајни знаци и со тоа возачите би возеле побезбедно. Исто така, би ставиле семафори до училиштата за да можат децата да се чувствуваат безбедно и побезбедно да можат да ја поминуваат улицата, но многу деца само мислат дека тоа е сон и секој ден ја поминуваат улицата со страв.

*„Јас би направила пред школото „Гоце Делчев“ еден семафор за да можеме полесно и побезбедно да ја поминуваме улицата, ама ете тоа нема ни да се оствари, а сон е на многу деца затоа што со страв ја поминуваме улицата во утринските часови.“*

*„...Да се вози внимателно, односно да се поставаат сообраќајни знаци.“*

**Подобрување на хигиената и грижата за животната средина**

Многу деца рекоа дека би сакале околината да им е почиста и позелена. Децата би го направиле тоа со средување на дивите депонии и поредовно да се собира отпадот од кантите и да се рециклира. Децата, исто така, рекоа дека би правеле акции за чистење на околината, би промовирале возење на велосипеди, би пробале да го направат воздухот почист, би насадиле повеќе дрвја и би граделе паркови.

*„Би ги уредила сите диви депонии.“*

*„Почесто собирање смет и корпи по улиците за фрлање смет, рециклирање и друго.“*

**Зголемување на зелените површини**

Децата рекоа дека би граделе помалку згради, а повеќе паркови и игралишта. Ова би ги направило посреќни поради тоа што ќе имаат повеќе места за играње.

*"Не би градел повеќе згради и би го зголемил зеленилото."*

*„Би престанала да градам толку многу згради, ќе изградам повеќе игралишта и паркови."*

***Унапредување на грижата за бездомните животни***

Голем број од децата сметаат дека не е доволна грижата за бездомните кучиња и даваат идеи како да се подобри. Еве некои од одговорите:

*„Би ги отстранил кучињата скитници бидејќи ги има премногу низ нашата општина по парковите и улиците, секаде каде што децата си играат."*

*„Би изградил стационар за сите улични животни и би им овозможил хуман третман. Луѓето премногу лошо се однесуваат со уличните животни, а тоа ни е показател дека исто така се однесуваат повеќе или помалку и со луѓето."*

*„Би направила многу работи.. На прво место ќе ги ставам животните... Место да бидат убивани и тепани на улица, би изградила соодветни прифатилишта каде што ќе бидат безбедни... Следно, би поставила камери насекаде за да се казнат сите родители коишто ги тепаат (малтретираат) своите деца. Би ја активирала полицијата, место да дремат по кафани цел ден, да излезат на улица и да го работат тоа што им е должност... Има уште многу работи што јас би ги направила."*

***Подобрување на условите за спорт, реакреација, игра, културни и забавни активности***

Кога би биле градоначалници, учениците би креирале доволно добри услови за реализирање на забавни активности.

*„Повеќе места за играње на поголеми деца, патеки за велосипеди.“*

*„Би изградила повеќе детски игралишта и велосипедски патеки. Би направила базен. Би отворила кино и театар.“*

*„Би изградила базен каде што децата ќе можат да пливаат како дел од нивното слободно време.“*

*„...Јас би се потрудила многу повеќе за децата во смисла на изградба на спортски сали, паркови, да има повеќе дрвја и цвеќиња, би се потрудила околу загадувањето на воздухот што, според мене, тоа е најважно. Да живееме во здрава и чиста околина!“*

*„Би направил повеќе паркови со зеленило, би направил игралишта и би направил програми за едукација на децата за нивните права.“*

***Промовирање еднаквост и недискриминација***

Децата сметаат дека треба да се пообри недискриминацијата и еднаквоста меѓу луѓето.

*„Би го направил/а Аеродром понехомофобичен и би помогнала на деца со потешкотии.“*

*„Би направила правата и можностите на децата со посебни потреби и децата од различни етнички заедници да бидат еднакви со правата на останатите деца.“*

*„Би направил повеќе паркови, почиста средина, поголема помош за децата со посебни потреби и ретки болести, повеќе културни манифестации за децата.“*

*„Би помогнал на семејствата што немаат доволно финансиски средства.“*

***Непосредна комуникација со децата и возрасните од Општината***

Кога би биле градоначалници, децата би воспоставиле поголемо ниво на комуникација помеѓу Општината и жителите на Општината.

*„...Би се сретнувал почесто со учениците и би ги прашувал што им е потребно.“*

*„...Би отворил слободни денови за разговор со граѓаните.“*

















School


ERASMUS+
#ERASMUSDAYS 2021













